# Living the Lotus 7

## Buddhism in Everyday Life

2025
VOL. 238



Rissho Kosei-kai of Taipei Celebrated
Its 40th Anniversary on May 3














**Living the Lotus**
**Vol. 238 (Јули 2025)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: ливинг.тхе.лотус.рк-интернатионал Жкосеи-каи.ор.јп
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Ние го примаме драгоцениот поклон на животот

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Учејќи од минатото

Оваа година се обележува осумдесет годишнина од крајот на Втората Светска Војна. Денеска нема потреба да спомнам дали војната е добра или лоша, но јас имам помешани чувства во врска со фактот дека мемориите на таа нераскажливо страшна војна – како Големиот Токиски Воздушен Напад, немилосрдното војување на Окинава, и дури фрлањето на атомските бомби – се чини дека бледнеат, малку по малку, со минувањето на времето. Кога тоа е речено, моето единствено искуство беше одењето во засолниште за воздушен напад после слушање на предупредувачка сирена за приближување на бомбашка ескадрила, така да јас неможам да ги замислам чувствата и меморите на тие кои ги преживеале воздушните напади и борби.

'Надвор тие отидоа / Да бидат смртно стрелани, / Изгорени до смрт, / И изгладнети до смрт - / Нивните тела натрупани, / Се додека борбите не згаснаа' и 'Грутка кафеав шеќер / За денешната закуска во три часот / Подвиткана во џебот / на починато дете' тие се поемите од поет од Окинава, Јуко Момохара.

Овие поеми ги трогнуваат нашите срца со трагедијата на Окинава – која стана бојно поле во војувањето помеѓу Јапанските сили и  Сојузничките сили, трупи претежно од Соединетите Држави и Велика Британија, каде што преку 200000 драгоцени животи беа изгубени – И тагата на Момохара, мајка која го изгуби нејзиниот син, кој бил ученик на втора година на основна средна школа кој бил фатен во борба.

Сепак, со цел да се изгради посветла иднина, јас мислам дека е важно да гледаме непоколебливо на тие болни тажни случки и на трагичното сурово минато. Затоа што ние сега примаме живот, до нас е да ги пренесеме тие мемории, да размислуваме на нив, да научиме лекции од нив, и да ги претвориме нив во мудрост така да ние ќе можеме да го направиме светот подобро место за идните генерации.

Згора на тоа, новелистот Ајако Соно напишал дека 'Преку станување изложени на зло, грдост, суровост, и индиферентност, ние развиваме човечки ум' (Санкеи Шимбун, 13-ти Јануари, 2016). Како изразот 'учејќи од грешките' сугерира, кога ние размислуваме врз човечки-направените катастрофи, симболизирани со војна, и го контемплираме умот на зло и умот на добро кое сите ние го имаме во себеси, ние се обидуваме да не ги направиме истите грешки. Во истото време, ние се обидуваме да развиеме ум на сочуство.

Во ова време на годината, Уламбана Фестивалот Иимеморијалните служби за безбројните жртви на војната ни презентираат нас со времиња и места да ги понудиме нашите молитви да ги успокоиме нивните души. Додека го правиме ова, ние гледаме во нашите соопствени срца, ги признаваме и изразуваме каење за нашите сопствени недостатоци, и мислиме за иднината.

## Умот на голема хармонија

Шакјамуни нé подучуваше дека ‘Сите луѓе се плашат од насилство, сите луѓе се плашат од смрт. Кога вие се ставате себеси на местото на другите, вие не ги убивате нив. И вие не правите другите да убиваат.’ Другите луѓе чувствуваат на ист начин како вие за нештата од кои се ужаснувате или плашите. Со други зборови, секој сака нивните денови да бидат мирни и спокојни и да ги живеат нивните животи со чувство на сигурност.

Во меѓувреме, во Седумнаесет-членоит устав, Јапонскиот прв пишан закон, Принцот Шотоку ја вклучил фамозната фраза ‘Ние ќе ја цениме хармонијата’ во првиот пасус. Јапанските луѓе го негувале овој ум на ценење на хармонијата, или духот на даива (大和) кој значи ‘голема хармонија’ уште од древните времиња, но во светло на зборовите на Шакјамуни, ние можеме да кажеме дека ова е неговата надеж, неговиот оригинален завет, споделен од сите луѓе кои живеат на земјата, зар не? Во тој случај, нема ништо друго освен овој ‘дух на голема хармонија’ кој може да води кон осознавање на неговиот оригинален завет за светскио мир.

Се чини дека во Окинава, каде што гореспомнатата Момохара била родена, цела Јапонија, освен Окинава, е наречена Јамато. Ова е веројатно поврзано со фактот дека едно од историските имиња за Јапонија е Јамато, (大和) во кинески карактери, кои исто имаат значење ‘голем мир’ и јас мислам дека е важно како граѓани на таква држава, ние Јапонците да имаме храброст да се надеваме за мирна иднина и свет, но ние неможеме да го направиме тоа освен ако не земеме водство и да демонстрираме таков дух. Се разбира, невозможно е да подучуваме ‘голема хармонија’ (даива на Јапонски, (大和) во Кинески карактери) на другите ако брачните партнери, родителите, децата и роднините се караат еден со друг дома, затоа ние треба да ги живееме нашите секојдневни животи со состојба на ум дека нема поважно движење за мир отколку ставање на нашите сопствени домови во ред.

Во прилог, со цел да бидеме сигурни дека таквата тажна историја нема никогаш да се повтори, ние мораме да ги шириме учењата на Будата и да стремиме кон свет на голема хармонија. Тоа што ние можеме да го направиме за иднината, како што го примаме драгоцениот поклон на животот како човечки битија, се се сведува на оваа една точка.

(Од *Косеи*, Јули 2025)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Објекти на Ришо Косеи-каи

### Хорин-каку сала за гости







Хорин-каку салата за гости била завршена во 1978, годината кога Ришо Косеи-ки ја обележала својата четириеста годишнина. Салата била изградена да служи како центар каде религиозните водачи, исто како и водачите во други полиња од насекаде во светот, можат да се состанат и да се ангажираат во дијалог за напредок на светскиот мир.

Статуата на Единаесет-глави Иљада-оружја Иљада-очи Канон е вградена во главниот аудиториум на прпиот спрат на салата. Источниот зид на лобито е украсен со таписерија насловена ‘Просветлувањето на Шакјамуни под Боди дрвото.’ Западниот зид е декориран со таписерија насловена ‘Првото тркалање на Дарма Тркалото во Паркот на Елените.’ Оригиналните цртежи за секоја таписерија биле направени од Основачот Нивано.

Внатре во основата, таму има бујна Јапанска градина полна со зеленило и растенија, која прави да заборавите дека сте во град.

#### Дали знаевте?

Дарма Тркалото ги симболизира Будините учења, кои ги решаваат човечките страдања и заблуди, и е споредливо со оружје во форма на тркало на идеалниот крал во древна Индија – двигателот на тркалото мудрец-крал. Тоа исто претставува како Будините учења се шират од личност до личност, како тркало кое се тркала напред.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Драгоцената Ступа на Едното Возило





Во Октомври 2000, година откако Основачот Нивано влезе во нирвана, Драгоцената Ступа на Едното Возило била издигната во источниот ќош на градината на Хоринкаку Салата за гости. Моштите на Основачот, исто како и ритуалните инструменти кои тој ги ценел, како што се Тројната Лотос Сутра, молитвени мониста, и појасот, биле внесени внатре во ступата.

Конструкцијата на ступата го оттелотворува заветот кој членовите го земаат засекогаш да се грижат за желбите на Основачот, додека длабоко размислуваат на неговите учења, чекори, и доблести.

Кога вие го посетувате тоа, стојте тихо пред ступата, слушајќи го намерно гласот на Основачот и размислувајте за вашите мисли.

### Дали знаевте?

Целокупната висина на Драгоцената Ступа на Едното Возило е околу 10 метри, со длабочина од околу 5 метри. Главното тело има дијаметар од 2,7 метри. Кровот и украсот се направени од бронза.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Посегнете со Срцето на Будата

## Вешти методи родени од сочуство

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Во последно време, Јас често слушам членови кои нервозно велат, ‘Јас го правам најдоброто од мене да ги споделувам учењата со што повеќе луѓе, но тешко е да се најде некој кој слуша.’ Како одговор на таквите грижи, јас имам само еден одговор: ‘Споделувајте ја Дармата со срцето на Будата.’ Сето тоа се сведува на ова.

Во ‘Вешти методи,’ второто поглавје на Лотос Сутрата, Будата категорично нé уверува дека ‘Од тие кои ја слушнуваат Дармата, / Никој нема да промаши да стане буда.’ Ние треба да ги отелотвориме овие зборови преку споделување на Дармата со сигурност. Битната точка, тогаш, е како ние го споделуваме тоа.

Шакјамуни Буда самиот дал практични, од случај до случај водства за секој поединец кој бил во вознемиреност или страдање. Тој употребил таканаречени ‘илјадници на милини на вешти методи’ (Тројната Лотос Сутра, поглавје 2: ‘Вешти методи’).

На пример, кон мајката која го стискала нејзиното мртво бебе и плачела, ‘Некој нека ми даде лек за моето дете!’ Будата рекол, ‘Јас ќе ти најдам ефективен третман. Оди и донеси ми афионово семе од семејство кое никогаш нема изгубено некој драг.’ Мајката отишла низ

целиот град но неможела да најде ниту една фамилија која никогаш немала изгубено некого заради смрт. После тоа ѝ светна во умот: ‘Не е само моето дете кое починало. Будата се обидувал да ми го каже тоа.’ И низ ова сознание, таа била способна да најде мир повторно.

Таквите вешти методи се издигнуваат само од ум проткаен со сочуство - желба од длабочините на нечие срце да ја ослободи другата личност.

Еден ден, во манастирот, кога сите други монаси биле излезени надвор, монах кој страдал од оштра абдоминална болка бил најден во грч на земјата, покриен во неговата сопствена измет и урина. Кога Будата го нашол него, тој го водел монахот надвор, ги извадил неговите извалкани алишта, го исчистил неговото цело тело, и го облекол во чисти алишта. Тој тогаш ја исчистил комората, направил кревет од свежа трева, и го седнал монахот на тоа. Потоа, Будата му дал многу едноставно учење за начинот на кој личноста треба да живее. Како резултат, монахот стекнал мир и во телото и во умот и конечно станал личност со висока почит.

Овој пример, исто така, нé поттикнува да го примиме длабоко во срцето принципот дека сочуството е почетна точка за сите нешта. Ако ние имаме сочуствително срце како Будата и делуваме со сочуство, ние сигурно ќе се поврземе со другата личност.

Секоја личност е обдарена со истата природа како Будата – будина природа. Секој од нас поседува капацитет да се разбуди кон вистината. Сепак, овој потенцијал е латентен, како јајце. Освен ако не се чува на топло, тоа нема да се развие во пиле. Топлината на градата на мајката кокошка која го негува јајцето – ова е ни што друго освен срцето на сочуство.



# Rissho Kosei-kai International

## Make Every Encounter Matter



## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : [living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp](mailto:living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp)